*Николина КЕНИГ*

**УДК: 305-055.2:2-11**
Изворен научен труд

# УЛОГАТА НА РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ И ПОЛОТ ВО САМООБЈЕКТИФИКУВАЊЕТО

***Кратка содржина***

*Главната цел на ова истражување е да се испитаат односите меѓу самообјектификацијата и родовиот идентитет кај младите жени и мажи. Тестирани се врските помеѓу два аспекти на самообјектификацијата (самонадгледување и незадоволство од телото), физичката активност и времето поминато во „разубавување", од една страна, и полот и родовиот идентитет, од друга страна. Студијата е направена врз примерок од 340 испитаници, етнички Македонци (50 % мажи) на просечна возраст од M = 25,21 години (SD = 5,60). Тие дадоа информации за основните демографски варијабли, вклучувајќи и податоци за самопроценетото време поминато во физичка активност и во „себеразубавување" во текот на неделата. Исто така, испитаниците одговорија на две супскали на Скалата за објектификација на телото (McKinley & Hyde, 1996), како и на инструмент наменет за процена на женственост/мажественост (Barak and Stern, 1986). Трите поставени хипотези, тестирани со помош на двонасочна АНОВА и со утврдување коефициенти на корелација, само делумно се потврдени преку добиените наоди. Се заклучи дека жените имаат тенденција да се самообјектификуваат повеќе од мажите и дека оваа тенденција е во интеракција со степенот до кој се идентификуваат себеси со традиционалните родови норми. Покрај тоа, резултатите укажуваат дека самообјектификацијата има различни ефекти врз однесувањето кај жените и мажите, од аспект на нивното здравје.*

***Клучни зборови***: *САМООБЈЕКТИФИКАЦИЈА, РОДОВ ИДЕНТИТЕТ, ПОЛ*

## Вовед

Една од централните теми во феминистичката теорија е дека потчинувањето на жените во западните општества е засилено преку конструирањето на женското тело како „објект за гледање" (e.g. Nussbaum, 1995; Spitzack, 1990; Papadaki, 2010). Како резултат на континуираните искуства на објектификација, кои за жените се толку вообичаени што тие најчесто не се ни свесно или критично когнитивно обработени (Smolak & Murnen, 2011), тие се социјализирани да се перципираат и да се третираат себеси, пред сѐ, од перспектива на тоа како имагинарните „други" би ги оцениле врз основа на нивниот физички изглед. Повторувачката изложеност на искуства на објектификација резултира со нејзина интернализација,

односно, индивидуата постепено ја прифаќа замислената перспектива на набљудувачот за нејзината физичка појава (Lindberg, Grabe & Hyde, 2007; Riva, 2014). Тоа доведува до развивање на доживување за сопственотото тело базирано првенствено на идејата дека тоа претставува предмет на опсервација и на евалуација на другите врз основа на изгледот, за сметка на субјективните доживувања и оцени, особено тие кои се однесуваат на телесната благосостојба. Овој процес е познат како самообјектификација. Оттука, самообјектификацијата најчесто се дефинира како надворешно ориентирана свесност за телото, главно, фокусирана на тоа како се претпоставува дека телесниот изглед се перципира и оценува од страна на други, наспроти внатрешно ориентираната свесност за телото чие централно прашање е како се чувствува индивидуата.

Преку прифаќањето на културно утврдените стандарди за убавина, која, пак, е конструирана како централно важна женска карактеристика (Wolf, 1997), жените учат да ги доживуваат и да ги третираат своите тела како објекти кои самите ги надгледуваат. Феминистичките теоретичарки како Бартки и Бордо тврдат дека жените се самообјектификуваат, пред сѐ, преку нивната прекумерна преокупираност со својот изглед која несомнено е наметната низ хетеронормативната социјализација, особено низ претставите за жените во медиумите (Frith, Shaw & Cheng, 2005). Поинаку кажано, жените учат да ги доживуваат своите тела онака како што се тие гледани од страна на анонимниот патријархален „*Друг*“. Крајниот исход на овие дисциплинирачки практики насочени кон девојките и жените е создавање на релативно трајна ориентираност кај нив, да го прикажат своето тело како „украсена површина“ чија основна цел е сексуално да ги возбуди и да ги задоволи мажите (Bartky 1990). Оваа преокупираност на жените со изгледот често се смета како еден вид социјален инструмент преку кој тие се упатуваат на фокусирање кон нивните тела наместо кон други активности кои се општествено ценети, иако, според Бауер, не би требало да се занемари и можноста самообјектификацијата да претставува сериозен извор на чувство на моќ за некои жени (Bauer 2011).

Постојат две форми на самообјектификација. Едната претставува краткотрајна состојба, а другата е релативно стабилна личносна диспозиција. Како краткорочна состојба, самообјектификацијата е типична за околностите во кои телото е изложено на погледите на другите луѓе повеќе отколку што обично е, како на пример, кога сме облечени во костим за капење. Од друга страна, високиот степен на автообјектификација како личносна карактеристика е поврзан со интензитетот на процесот на конформирање и усвојување на стандардите на општеството во однос на културално дефинираните, често крајно нереалистични очекувања, за привлечен физички изглед. Така, кога оваа особина е нагласена, лицето е постојано фиксирано на нејзиниот/неговиот физички изглед (Miner-Rubino, Twenge & Fredrickson, 2002).

Мекинли и Хајд (McKinley & Hyde, 1996), пионерите во развивањето инструмент за мерење на степенот на самообјектификација,[1] укажуваат на тоа дека и

[1] Нивната скала првенствено била наменета за задавање само за жени, но подоцна е демонстрирано дека успешно може да се примени и на машка популација.

нејзините составни делови – телесната самоопсервација, незадоволството од изгледот на телото и верувањата за можноста за контрола на физичкиот изглед, се и концептуално и емпириски различни конструкти. Појдовна основа на нивната работа во создавањето на инструментот е идејата дека женското тело, низ социјалните интеракции е конструирано како предмет на (сексуална) желба, па оттука, девојките и жените се ангажирани во самонадгледување, односно, постојано се гледаат низ очите на другите. Основната причина за тоа е потребата да се осигурат дека изгледаат во согласност со културните стандарди, со што би ги избегнале негативните процени од страна на имагинарната „публика“, или, преку што можеби, би стекнале одредени предности. Во овој процес, односот на жените кон нивните тела станува однос на надворешен набљудувач. Ваквиот долготраен надзор над сопственото тело го нарекуваат *самонабљудување (самонабљудување) на телото* и тој претставува основен аспект на манифестација на себеобјектификација во однесувањето.

Некои истражувачи го користат терминот самонадгледување како замена, односно синоним за самообјектификација. Сепак, постојат уште два емпириски генерирани аспекти поврзани со конструктот, па, оттука, тие не може да се поистоветат. Едниот е *незадоволство од телото,* што се однесува на степенот до кој индивидуата се чувствува лошо во врска со изгледот врз основа на процената дека тоа не ги исполнува поставените стандарди на убавина во конкретната култура, како што се, на пример, виткост, мускулестост, нежна кожа, или пропорција помеѓу струкот и колковите. Ова незадоволство не може да се сведе на едноставна негативна евалуација од телото и телесниот изглед, особено кога се во прашање жените и девојките. Имајќи ја предвид централната улога на изгледот во дефинирањето на женственоста, незадоволството од телото за нив претставува истовремено незадоволство од себеси во целост (McKinley & Hyde, 1996).

Објектификацијата делумно се потпира и на идејата дека телото може да се промени за да се усогласи со културалните стандарди за привлечност. Дефинирањето на постигањето на овие стандарди како нешто што подлежи на избор, го потхранува верувањето дека изгледот може да се контролира преку одреден начин на однесување (на пример, со придржување кон одреден режим на исхрана и слично). Овој трет емпириски извлечен аспект на автообјектификацијата се нарекува *уверување во контрола*, и тој претставува конструкт кој се развива врз основа на премисата дека одговорноста за изгледот на телото е во рацете на оној/онаа што е негов „сопственик“.[2]

Додека внатрешно-ориентираната свесност за телото е корисна бидејќи помага да се биде повеќе во допир и во хармонија со сензациите од телото (Daubenmier, 2005), високиот степен на самообјектификација како особина е поврзана со намалена благосостојба и со зголемени ментално-здравствени последици, почнувајќи од ризик од депресивност, развој на нарушувања во исхраната, социјална анксиозност, до сексуални дисфункции (Breines, Crocker & Garcia, 2008; Greenleaf

[2] Поради просторно ограничување, овој аспект на самообјектификацијата нема да биде опфатен со ова истражување.

& McGreer, 2006; Jones & Griffiths, 2015; Harper & Tiggemann, 2008; Tylka & Hill, 2004; Tiggeman & Slater, 2015).

Завидно голем број студии речиси без исклучок упатуваат на тоа дека жените имаат понегативен став кон своето тело од мажите (на пример, Bleidorn et.al, 2016; Gebauer et al., 2015; Kling, Hyde, Showers, & Buswell, 1999). Постојат разлики во тоа како теоретски се објаснува овој родов јаз во самодовербата, но, мнозинството истражувачи укажуваат на ефектите од родовите улоги и на медиумските и консумерските притисоци кои кога се во интеракција, генерираат многу повисок степен на објектификација кај девојките и жените отколку кај момчињата и мажите (Gebauer et al., 2015; Mintz & Betz, 1988).

За разлика од многубројните истражувања за негативните последици од автообјектификацијата на жените, само малку студии воопшто и ја испитуваат и кај мажите, иако оваа појава станува сѐ порелевантна за помладата генерација мажи кон кои, исто така, иако не во ист обем, се упатуваат пораки за релевантоста на физичкиот изглед (Aubrey, 2006; Dakanalis & Riva, 2013). Од една страна, ова создава недостаток на емпириски податоци за тоа каква е разликата меѓу мажите и жените во тенденцијата кон самообјектификација и последиците од неа, а од друга страна, придонесува кон тоа сѐ уште да нема доволно податоци во врска со улогата на родовиот идентитет, полот и сексуалната ориентација во развивањето на оваа особина.

Не е неочекувано тоа што истражувањата укажуваат дека жените многу повеќе од мажите се подложни на доживување себеобјектификациски искуства. Со оглед на тоа дека родовата улога е од централна важност во генерирањето на овие разлики, културално произведените пораки за важноста на телесниот изглед би требало да имаат најсилно влијание врз оние жени кои најмногу ја прифаќаат традиционалната женска улога. Со други зборови, се очекува оние жени кои се идентификуваат себеси со културално дефинираниот модел за женственост да манифестираат највисок степен на самонадгледување затоа што во најголем степен се засегнати од нормата за важноста на „убавината“ на жените. Оттука, се претпостави дека:

> *Хипотеза 1.* Независно од родовиот идентитет, кај жените е позастапено самонадгледувањето (како особина) отколку кај мажите. Кај жените, повисокиот степен на идентификација со феминината улога е поврзан со повисок степен на самонадгледување (односно, кај нив е најзастапено во споредба со сите останати субгрупи на родова идентификација), додека кај мажите, родовата идентификација и самонадгледувањето не се поврзани.

Теоријата на објектификација (Fredrickson & Roberts, 1997) тврди дека девојките и жените се многу повеќе изложени на пораки од врсниците, од сексуалните партнери и од медиумите, за тоа дека нивниот изглед е од суштинска важност за тоа колку вредат. Имајќи предвид дека надворешниот притисок кон при-

фаќање на стандардите за „убавина“ се многу посилни за лицата од женски пол, тие многу почесто го анализираат изгледот на своите тела на тој начин што го споредуваат со идеалот со кој се континуирано соочени (Roberts & Gettman, 2004). Континуираната споредба придонесува за пониска самодоверба во врска со телесниот изглед, или, понагласено незадовсилство од телото кај жените отколку кај мажите, од една страна, поради разликите во централноста на изгледот за идентитетот, а од друга, поради тоа што критериумите за женската убавина е многу тешко, ако не и невозможно да се постигнат. Ако се земе предвид очекувањето дека културалните стандарди во поголема мера ќе се интернализираат од страна на жените кои се идентификуваат повеќе со феминината улога, може да се претпостави дека нивната самодоверба во врска со телесниот изглед ќе биде најмногу засегната, односно дека тие најмалку ќе го прифаќаат својот телесен изглед. Од друга страна, современиот стандард на дефинирање на мажественоста преку масивно мускулестото тело, кој сè поинтензивно се наметнува, веројатно на сличен начин ги притиска мажите кон постигање на овој идеал. Од аспект на прифаќањето на родовата улога, се очекува овој притисок да биде најголем за мажите кои себеси се идентификуваат со маскулината улога отколку кај оние кои се повеќе андрогини или феминини. Оттука, се претпоставува дека:

*Хипотеза 2.* Независно од родовиот идентитет, жените во просек се понезадоволни од телото отколку мажите. Родовата идентификација е поврзана со незадоволството од телото на тој начин што жените со феминин родов идентитет и мажите со маскулин родов идентитет имаат највисок степен на незадоволство споредено со останатите категории родов идентитет во рамките на своите полови групи.

Надоврзувајќи се на фактот дека на двата пола им се нудат битно различни модели на идеален физички изглед, се претпостави дека повисокиот степен на изразеност на предиспозицијата за автообјектификација има различни консеквенции во однесувањето на мажите и жените. Кај мажите, повисокото самонадгледување и незадоволство од телото се поврзани со подолго време поминато во физички вежби заради фактот дека идеалот наложува стекнување мускулесто тело, додека кај жените, овие предиспозиции се повеќе во врска со должината помината во „разубавување“[3] што не вклучува физичка активност:

*Хипотеза 3.* Со зголемувањето на себенадгледувањето и незадоволството од телото, кај мажите расте бројот на часови поминати во физичко вежбање, но не и бројот на часови во „разубавување“, додека кај жените, расте бројот на часови поминати во „разубавување“, а не и во вежбање.

---

[3] Терминот е ставен во наводници за да укаже на свесноста за културалната детерминираност на убавината дефинирана како физичка привлечност.

## МЕТОД

### Примерок

Пригодниот примерок испитаници во ова истражување беше обезбеден на тој начин што потенцијалните учесници на возраст меѓу 19 и 35 години беа замолувани доброволно да учествуваат во истражувањето. Така, тој се состои од 340 испитаници, од кои 50 % се мажи, на просечна возраст од M = 25,21 години (SD = 5,60), при што 98 % се изјасниле како исклучиво хетеросексуални, додека 2 % изјавиле дека се со бисексуална ориентација. Сите испитаници се со образовно ниво кое варира меѓу завршено средно образование и магистерски студии. Околу половината од нив (54 %) се од Скопје, а останатите живеат во некој од вкупно застапените 12 града од земјава. Сите учесници во истражувањето се етнички Македонци.

### Инструменти

1. *Демографски податоци и навики* – испитаниците пополнија кус демографски прашалник кој бара информации за полот, возраста, степенот на образование и сексуалната ориентација. Освен тоа, тие обезбедија и одговори на прашањата за тоа колку часа неделно поминуваат во „разубавување“[4] (исклучувајќи го практикувањето физичка активност) и во вежбање во последните 6 месеци.

2. *Супскала Надгледување на телото (самонадгледување)* од *скалата Свесност за објектификација на телото* (OBCS) во авторство на Меккинли и Хајд (McKinley & Hyde, 1996). Таа е една од трите супскали од целосната скала која се состои од 24 ајтеми што ги мерат следниве аспекти на варијаблата: надгледување на телото, незадоволство од телото и верувања за контрола на телесниот изглед.[5] Супскалата за мерење на самонадгледувањето на телото го идентификува степенот во кој субјектот „гледа на своето тело како надворешен набљудувач“ (McKinley & Hyde, 1996, 181). Таа се состои од осум ајтеми на кои се одговара на 6-степени, кои се движат од „воопшто не се согласувам“ (0) до „многу се согласувам“ (6). Повисокиот скор укажува на повисоко ниво на самонадзор, односно постојано самонабљудување и размислување за своето тело од перспектива на тоа како тоа изгледа во очите на другите. Коефициентите на релијабилност соопштени во релевантната литература се движат од Chronbach α=,87 (Fitzsimmons, Cone & Kelly, 2011) α=,89 (McKinley & Hyde, 1996). Внатрешната конзистентност на

---

[4] Операционално, во прашалникот разубавувањето е опишано низ следниве примери активности: средување на косата, шминкање, бричење, депилација и слично.

[5] И целосниот инструмент и супскалите одделно нашироко се користени за мерење на објектификацијата како личносна црта. Даканалис и сор. (Dakanis et al., 2015) ги испитале психометриските карактеристики на инструментот со 24 ајтеми на поголеми примероци од оригиналниот (биле вклучени и испитаници од машки пол), а проверката ја поддржала трифакторската внатрешна структура и еквивалентноста на мерките за двата пола.

супскалата за оваа група испитаници е значително помала (Chronbach α=,67), но маргинално прифатлива.

*3. Супскала Незадоволство од телото* од *скалата Свесност за објектификација на телото.* Оваа супскала се состои од осум ајтеми со помош на кои се квантификува степенот на чувство на засраменост, односно незадоволство кое се доживува кога се проценува дека изгледот на телото не ги задоволува со културно наметнатите норми. Како и во другите супскали, ајтемите се со 6-степена процена и повисокиот скор укажува на повисоко ниво на поседување на варијаблата, односно поизразено незадоволство од телото. Мекинли и Хајд (1996) објавуваат износ на коефициент на релијабилност α=,75. За овој примерок, релијабилноста на супскалата е слично висока и изнесува α=,77.

*4. Родов идентитет* – За определување на степенот на идентификација со културално дефинираните „женски" односно „машки" особини е користена скратената форма на BSRI индексот на женственост (листа на 10 „женски" особини, како што се, на пример: нежна, полна со разбирање и сл.) и индексот на мажественост (листа на 10 „машки" карактеристики, како што се: компетитивен, агресивен и сл.), конструирани од страна на Барак и Стерн (Barak & Stern, 1986). На скала од 1 (воопшто не сум таков/таква) до 7 (речиси секогаш сум таков/таква), испитаниците се самооценуваат за секоја од понудenените типично „женски" односно „машки" особини. Релијабилноста на овој инструмент за конкретниот примерок е α=,69 за скалата на женственост, додека скалата на мажественост е значително повеќе внатрешно конзистентна (α=,88). Врз основа на разликата помеѓу пресметаните просечните скорови на двете скали, учесниците беа поделени во три категории. Оние што се со доминантен просек на индексот на машкоста се категоризираат како маскулини (мажествени) и обратно, додека субјектите чија разлика помеѓу две скали се движи од -1 до +1 беа категоризирани како андрогини.[6]

## Постапка

Откако беа запознаени со сите релевантни информации во врска со истражувањето,[7] испитаниците анонимно одговараа на инструментите од самоизвестувачки тип, при што за нивното учество не добиваа никаков надомест. Статистичката анализа (дескриптивните статистици, коефициентите на корелација и двонасочната АНОВА, вклучувајќи ги и post-hoc тестовите) беше изведена со помош на SPSS 20, при што за статистички значајно ниво беше третирано '$p$' помало од 5 % ($p < ,05$).

---

[6] Во согласност со препораките на општопознатиот инструмент BSRI на Сандра Бем, испитаниците чии просечни скорови и на скалата на маскулиност и на скалата на фемининост се ниски (под M=3,0) беа категоризирани како неодредени во однос на родовиот идентитет и поради исклучително ниската застапеност и кај двата пола, не беа вклучени во понатамошната анализа.

[7] Прибирањето податоци на терен беше спроведено од претходно обучени студенти по психологија, а нивната работа беше супервизирана од страна на авторката на трудот.

## РЕЗУЛТАТИ

Во Табела 1 се прикажани резултатите од дескриптивната анализа на податоците за вклучените варијабли, организирана според полот и категоризацијата во однос на родовата идентификација.

**Табела 1.** Дескриптивни статистици за *самонадгледување* и *незадоволство од телото* кај мажите и жените со различен родов идентитет

| | | | Самонадгледување | Незадоволство од телото | ,Разубавување' (во часови) | Физичка активност (во часови) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ПОЛ*** | ***Родов идент.*** | ***N*** | ***M (SD)*** | ***M (SD)*** | ***M (SD)*** | ***M (SD)*** |
| Женски | Феминин | 80 | 35,35 (5,87) | 20,82 (8,83) | 8,12 (5,92) | 1,10 (1,10) |
| | Андрогин | 70 | 35,47 (6,41) | 17,98 (6,81) | 7,94 (10,26) | 2,44 (,98) |
| | Маскулин | 11 | 33,72 (5,51) | 15,72 (7,22) | 6,22 (7,16) | 2,33 (,67) |
| | **Вкупно** | **161** | **35,30 (6,07)** | **19,21 (8,09)** | **7,93 (8,10)** | **2,00 (1,04)** |
| Машки | Феминин | 30 | 29,90 (5,86) | 14,33 (5,30) | 4,32 (2,36) | 2,20 (1,21) |
| | Андрогин | 98 | 32,60 (6,57) | 17,03 (6,63) | 4,71 (5,01) | 2,60 (0,98) |
| | Маскулин | 34 | 30,77 (6,62) | 16,82 (7,73) | 4,59 (4,72) | 2,50 (1,00) |
| | **Вкупно** | **162** | **31,71 (5,87)** | **16,49 (6,70)** | **4,62 (4,60)** | **2,57 (1,00)** |

Понатамошната анализа покажа, како што и се очекуваше врз основа на претходните истражувања, дека самонадгледувањето и незадоволството од телото се меѓусебно поврзани ($r$ =,27(320), $p$ < ,01). Меѓу лицата кои се на возрасен опсег кој е опфатен со ова истражување, не е најдена корелација меѓу самонадгледувањето и незадоволството од телото со возраста ($r$=,03(320), $p$ > ,05 и $r$=,04(320), $p$ > ,05), ниту, пак, со степенот на образование ($r$=,03(312), $p$ > ,05 и $r$=,02 (312), p > ,05).

Резултатите од спроведената двонасочна АНОВА со која е тестирана првата хипотеза се прикажани во Табела 2. Главниот ефект за полот како варијабла е статистички значаен (F = (1,310)14,68; $p$ <,01), со што се потврдува делот од хипотезата кој тврди дека жените во поголем степен го објектификуваат телото преку самонадгледување од мажите. Врз основа на post-hoc тестовите на значајност на разлики меѓу просеците на субгрупите (Табела 4.), вториот дел од хипотезата може само делумно да се потврди. Имено, жените со феминин родов идентитет изјавуваат значително повисок степен на самонадгледување во споредба со сите останати субгрупи. Но, наспроти претпоставката дека меѓу мажите со различна родова идентификација нема разлики во поглед на овој аспект на самообјектификација, пронајдена е маргинална разлика меѓу андрогините мажи ($p$=,04), кои имаат повисок просек во споредба со мажите со доминантна феминина идентификација.

**Табела 2.** *Самонадгледување* кај мажи и кај жени со различен родов идентитет: ефекти помеѓу субјектите

| Извор | ΣΣ (тип III) | df | MS | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Коригиран модел | 1151,778 | 5 | 230,35 | 5,801 | ,000 |
| Пол | 583,004 | 1 | 583,00 | 14,68 | ,000 |
| Родов идентитет | 170,918 | 2 | 85,45 | 2,15 | ,118 |
| Пол*род.иден. | 76,921 | 2 | 38,46 | ,70 | ,381 |
| Грешка | 12070,896 | 304 | 39,70 | | |
| Тотал | 360049,000 | 310 | | | |

**Табела 3.** *Незадоволство од телото* кај мажи и кај жени со различен родов идентитет: ефекти помеѓу субјектите

| Извор | ΣΣ (тип III) | df | MS | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Коригиран модел | 1231,49 | 5 | 246,299 | 4,606 | ,000 |
| Пол | 226,76 | 1 | 211,541 | 3,96 | ,045 |
| Родов идентитет | 46,70 | 2 | 23,349 | ,44 | ,647 |
| Пол*род.иден. | 16951,23 | 2 | 276,048 | 5,16 | ,006 |
| Грешка | 121221,00 | 304 | 53,474 | | |
| Тотал | 297962,00 | 310 | | | |

Резултатите од проверката на втората хипотеза се прикажани на Табела 3 и 4. Според нив, жените се понезадоволни од изгледот на своето тело од мажите, со оглед на тоа дека е добиен статистички значаен главен ефект за полот F (1,310)=3.96, $p$<,05). Во согласност со поставената хипотеза, жените со доминантно феминин родов идентитет изјавуваат највисок степен на незадоволство од телото во споредба со сите останати групи вклучени во анализата. Но, како што може да се види од Табела 4. каде што се прикажани $p$-вредностите за разликите меѓу субгрупите за варијаблата *незадоволство од телото*, маскулините мажи не се понезадоволни од телото во споредба со другите субгрупи на родов идентитет во својата полова категорија. Значајниот интеракциски ефект F (2,310) =5,16, $p$<,01) на двата главни фактора (пол и родов идентитет) може да биде објаснет преку правецот на зголемување на незадоволството кај мажите и жените. Незадоволството од телото расте кога родовата идентификација е феминина за жените, додека кај мажите, правецот е обратен (График 1). Според резултатите од спроведената АНОВА, оваа хипотеза, исто така, се потврди само делумно.

**Табела 4.** Post-hoc анализа на разликите меѓу субгрупите за себенадгледување и за незадоволство од телото (*p*-вредности)

| | | Самонадгледување | | | | | | Незадоволство од телото | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *ПОЛ* | *Род. иден.* | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Жени | 1. Андрогин | - | ,91 | ,39 | ,00 | ,00 | ,00 | - | ,02 | ,34 | ,40 | ,02 | ,45 |
| | 2. Феминин | | | ,02 | ,00 | ,00 | ,00 | | | ,03 | ,00 | ,00 | ,01 |
| | 3. Маскулин | | | | ,57 | ,08 | ,17 | | | | ,58 | ,59 | ,67 |
| Мажи | 4. Андрогин | | | | | ,04 | ,13 | | | | | ,08 | ,89 |
| | 5. Феминин | | | | | | ,57 | | | | | | ,17 |
| | 6. Маскулин | | | | | | - | | | | | | - |




**График 1.** Интеракциски ефект за незадоволство од телото (пол и родов идентитет)

Наодите од тестирањето на третата хипотеза укажуваат на тоа дека и таа е потврдена само во еден нејзин дел. Кај жените, и незадоволството од телото (*r*=, 47(168), *p*<,01) и самонадгледувањето (*r* = ,72(168); *p* < .05) како аспекти на објектификацијата се поврзани со времето поминато во „разубавување“, додека меѓу нив и времето поминато во физичка активност нема статистички значајна корелации (*r*= ,04(168), *p* >,05 односно *r*=,02(168), *p* >,05). Меѓутоа, претпоставената врска меѓу компонентите на себеобјектификацијата и физичката активност кај ма-

жите може да биде прифатена само за незадоволството од телото ($r$=,19(167); $p <$ ,05), додека, самонадгледувањето не е во врска со тоа колку време се посветува на физичка активност ($r$=,05(167); $p >$,05) Во согласност со хипотезата, кај мажите не е најдена врска меѓу самонадгледувањето и времето поминато во „разубавување“ ($r$=,09(168); $p >$,05), како и меѓу времето поминато во „разубавување“ и незадоволството од телото ($r$=-,03(162); $p >$ .05).

## Дискусија

Резултатите од истражувањето ги поврдуваат и наодите од претходно спроведените истражувања за тоа дека двата аспекта на самообјектификацијата се поизразени кај жените отколку кај мажите. Дополнително, наодите сугерираат дека родовата идентификација е уште еден важен фактор кој влијае на изразеноста на самонадзорот и самонаметнато незадоволство од телото. Она што се покажа е дека жените со женски идентитет (и веројатно мажите со андрогин идентитет) имаат најизразена тенденција да ги третираат нивните тела како објекти и да ги деевалуираат во процесот на нивното споредување со наметнатите културни стандарди. Претпоставката дека поради културалниот притисок за постигнување мускулесто тело мажите со машки родов идентитет ќе бидат понезадоволни од изгледот на телото од мажите со андрогин и феминин идентитет не беше потврдена со наодите. Хетеронормативниот идеал за тоа како „треба“ да изгледа машкото тело е многу помалку релевантен за мажите во споредба со тоа колку е важен идеалот за „убаво“ тело за жените. Ова несомено може да се припише на тоа дека изгледот сѐ уште се конструира како второстепен за мажите, а централен за жените.

На крајот, сознанијата потврдија, уште еднаш, дека тенденцијата кон себеобјектификација како личносна карактеристика не генерира исти последици за жените и мажите (Oehlhof et al., 2009). Мажите се однесуваат во согласност со пропишаните родови модели за атрактивност и инвестираат повеќе време во физички активности со цел да добијат мускулесто тело. Жените со повисок степен на автообјектификација, од друга страна, не пријавуваат повеќе часови физичка активност од оние што се помалку склони кон тоа. Во согласност со ородениот (заснован на родот) конструкт за тоа што претставува женска „убавина“, жените повеќе имаат тенденција да ја разрешат анксиозноста генерирана од незадоволството од телото и од самонадгледувањето преку декорирање, односно преку активности што треба да дадат впечаток за нивната негуваност.

Постојат најмалку две можни објаснувања зошто жените кои повеќе се самообјектификуваат не вежбаат повеќе, за разлика од мажите со истата особина. Првата е дека во западната култура доминира сликата за мускулесто тело како иманентно на мажественоста, додека идеалот за женска фигура е да биде тенка и со помала телесна маса. Второ, за жените со изразена себеобјектификација многу е важно да изгледаат атрактивно во секоја прилика (Melbye, 2005). Можеби, индиферентноста кон вежбање за нив претставува превентива од себепрезентирање во неуредна состојба во јавност.

Јасно е дека е важно и понатаму да се испитува и да се разбере улогата на самообјектификација и кај мажите и кај жените, бидејќи е документирано дека оваа диспозиција потенцијално доведува до сериозни негативни здравствени последици. Во оваа студија не се земени предвид психолошките последици од високиот степен на самообјектификација, но претходните истражувања потврдуваат дека таквите консеквенции варираат од благо и привремено губење на самодовербата до сериозни ментални нарушувања.

Ова истражување има неколку ограничувања кои би требало да бидат призма низ која се гледаат наодите. Примерокот не е доволно голем и со оглед на тоа што е пригоден, и покрај сите напори за да се обезбеди хетерогеност, веројатно не дава точен опис на популацијата. Една алармантна индикација за тоа дека примерокот може да биде пристрасен е застапеноста на малиот број мажи со маскулин родов идентитет, што е спротивно на очекувањата. Уште една сериозна слаба страна која може да влијае на валидноста на наодите е дека инструментите што се користат за мерење на варијаблите не се претходно културално адаптирани. Оттука, постои ризик дека концептите не се целосно еквивалентни во нивното значење, особено ако се земе предвид дека две од супскалите имаат значително помали коефициенти на релијабилност од оние објавени во истражувања спроведени во други култури.

**Литература**


Aubrey, J. S. (2006). “Exposure to sexually objectifying media and body self –perceptions among college women: An examination of the selective exposure hypothesis and the role of moderating variables.” *Sex Roles, 55*, 159-172.

Barak, B., & Stern, B. (1986). “Sex-linked trait indexes among baby-boomers and pre-boomers: A research note.” In R. Lutz (Ed.), *Advances in consumer research XIV*. Provo, UT: Association for Consumer Research, 204-209.

Bartky, S. (1990). *Femininity and Domination: Studies in the Phenomenology of Oppression.* New York: Routledge.

Bauer, N. (2011). “Beauvoir on the Allure of Self-Objectification”, in *Feminist Metaphysics*, Feminist Philosophy Collection, Charlotte Witt (ed.), Springer Science + Business Media B.V., 117- 129.

Bleidorn, W, Arslan, R.C, Denissen J.J., Rentfrow, P.J., Gebauer, J.E., Potter, J. & Gosling, S.D. (2016). “Age and gender differences in self-esteem-A cross-cultural window.” *Journal of Personality and Social Psychology, 111*(3), 396-410.

Breines, J. G., Crocker, J., & Garcia, J. A. (2008). “Self-objectification and well-being in women's daily lives”. *Personality and Social Psychology Bulletin, 34(5),* 583-598.

Calogero, R. M. (2012). “Objectification theory, self-objectification, and body image.” In Cash, T. (ed). *Encyclopedia of Body Image and Human Appearance*, (pp. 574-580), San Diego: Academic Press.

Dakanalis, A., & Riva, G. (2013). “Current considerations for eating and body-related disorders among men.” In L. B. Sams & J. A. Keels (Eds.), *Body image: Gender differences, sociocultural influences and health implications* (pp. 195-215). New York, NY: Nova Science

Dakanalis, A., Timko, A. C., Clerici, M., Giuseppe Riva, G. & Carrà, G. (2015). “Objectified Body Consciousness (OBC) in Eating Psychopathology: Construct Validity, Reliability, and Measurement Invariance of the 24-Item OBC Scale in Clinical and Nonclinical Adolescent Samples.” *Assessment 1–23*, doi: 10.1177/1073191115602553

Fredrickson, B. L., & Roberts, T. A. (1997). “Objectification theory: An explanation for women’s lived experience and mental health risks.” *Psychology of Women Quarterly, 21*, pp. 173–20.

Frith, K., Ping, S. & Cheng, H. (2005). “The Construction of Beauty: A Cross-Cultural Analysis of Women's Magazine Advertising”. *Journal of Communication*, *55 (1),* 56–70.

Fitzsimmons, E. E., and Bardone-Cone, A. M. (2011). “Downward spirals of body surveillance and weight/shape concern among African American and Caucasian college women”. *Body Image* 8, 216–223.

Forbes, G.B., Collinsworth, L.L, Jobe, R. L, Braun, K.D. & Wise L. M. (2007). "Sexism, Hostility toward Women, and Endorsement of Beauty Ideals and Practices: Are Beauty Ideals Associated with Oppressive Beliefs?" *Sex Roles*, 56, 265–273.

Gebauer, J. E., Sedikides, C., Wagner, J., Bleidorn, W., Rentfrow, P. J., Potter, J., & Gosling, S. D. (2015). "Cultural norm fulfilment, interpersonal belonging, or getting ahead? A large-scale cross-cultural test of three perspectives on the function of self-esteem." *Journal of Personality and Social Psychology, 109,* 526–548.

Greenleaf C., McGreer, R. (2006). "Disordered eating attitudes and self-objectification among physically active and sedentary female college students." *The Journal of Psychology, 140,* 187-198.

Harper, B. & Tiggemann, M. (2008). "The effect of thin ideal media images on women's self-objectification, mood, and body image." *Sex Roles. 58*, 649–657.

Jones, B.A. & Griffiths, K.M. (2015). "Self-objectification and depression: an integrative systematic review." *Journal of Affective Disorders*, *171,* 22-32.

Kling, K. C., Hyde, J. S., Showers, C. J., & Buswell, B. N. (1999). "Gender differences in self-esteem: A meta-analysis." *Psychological Bulletin, 125*, 470–500.

Lindberg, S. M., Hyde, J. S., & McKinley, N. M. (2006). "A measure of objectified body consciousness for preadolescent and adolescent youth." *Psychology of Women Quarterly*, *30*, 65- 76.

McKinley N. M., Hyde J. S. (1996). "The Objectified Body Consciousness Scale: Development and validation." *Psychology of Women Quarterly, 20*, (pp. 181–215).

Melbye, L. (2005). Self-Objectification and Exercise Behaviors: The Mediating Role of Social Physique Anxiety, *MA Thesis submitted at Florida State University.*

Menzel, J. E. (2010). The psychometric validation of the physical body experiences questionnaire. *Graduate Thesis Dissertation*, Available at http://scholarcommons.usf.edu/etd/1710

Miner-Rubino K., Twenge, J.M, Fredrickson, B.L. (2002). "Trait self-objectification in women: Affective and personality correlates." *Journal of Research in Personality, 36*, 147–172.

Mintz, L. B., & Betz, N. E. (1988). "Prevalence and correlates of eating disordered behaviors among undergraduate women." *Journal* of *Counseling Psychology, 35,* 463-471.

Nussbaum, M. (1995). "Objectification." *Philosophy and Public Affairs*, *24(4*), 249–291.

Oehlhof Wagner , M., Dara R. Musher-Eizenman, D.R, Neufeld, J.M & Hauser, J.C (2009). "Self-objectification and ideal body shape for men and women." *Body image*, *6(4), 308-310*

Papadaki, L. (2010). "What is Objectification?" *Journal of Moral Philosophy,* 7(1), 16–36.

Riva, G. (2014). Out of my real body: Cognitive neuroscience meets eating disorders. *Frontiers in Human Neuroscience*, *8*, 236. doi:10.3389/fnhum.2014.00236

Roberts, T.-A., & Gettman, J. Y. (2004). "Mere exposure: Gender differences in the negative effects of priming a state of self-objectification." *Sex Roles, 51*, 17-27.

Smolak, L. & Murnen, S.K. (2011). "The Sexualization of Girls and Women as a Primary Antecedent of Self-Objectification." in R. M. Calogero, S. Tantleff-Dunn, and J. K. Thompson. (Eds). *Self-Objectification in Women: Causes, Consequences, and Counteractions,* (53-76), York, PA: Maple-Vail Books, American Psychological Association.

Spitzack, C. (1990). *Confessing excess: Women and the politics of body reduction.* Albany, NY: State University of New York Press.

Swami, V., & Voracek, M. (2012). "Associations Among Men's Sexist Attitudes, Objectification of Women, and Their Own Drive for Muscularity." *Psychology of Men &Masculinity.* Advance online publication. doi: 10.1037/a0028437

Tiggemann, M & Slater, A. (2015). "The role of self-objectification in the mental health of early adolescent girls: Predictors and consequences." *Journal of Pediatric Psychology*, 40 (7), 704-711.

Tylka, T.L. & Hill, M.S. (2004). "Objectification theory as it relates to disordered eating among college women." *Sex Roles*, *5*, 719–730.

Wolf, N. (1997). *The Beauty Myth: How Images of Beauty are Used Against Women.* NY: Vintage Canada.

*Nikolina KENIG*

**UDK: 305-055.2:2-11**
